Триша Браун (29.04.2017)

**Порака за Меѓународниот ден на танцот**

Станав танчер поради мојата желба да летам. Надминувањето на гравитацијата е нешто што отсекогаш ме придвижувало. Нема некое тајно значење во моите танци. Тие се спиритуална вежба во физичка форма.

Танцот комуницира и го шири универзалниот јазик на комуникација, раѓајќи радост, убавина и напредок на човековото знаење. Танцот е креативност... која се повторува... во размислувањето, во правењето, во создавањето и во изведувањето. Нашите тела се алатка за изразување, а не медиум за претставување. Оваа идеја ја ослободува нашата креативност, што е суштинската лекција и дар на создавањето уметност.

Животот на еден уметник не замира со годините како што веруваат некои критичари. Танцот е сочинет од луѓе, луѓе и идеи. Како публика, можете да понесете дома креативен импулс и да го примените во секојдневниот живот.

* Оваа порака им е упатена на танчерите професионалци како и на љубителите на танцот низ целиот свет. Објавена во знак на признание на **Триша Браун** која почина на 18 март 2017.

Пораката е составена од нејзините пишани дела и изјави од нејзината блиска соработничка **Сузан Розенберг**, а ја споделува нејзината визија за нејзината работа и вредностите кои ги рефлектира.

Превод: Кристина Пешева-Диновска, Скопје, 2017